Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа-Institucioni Nacional
МУЗЕЈ-MUZEU
Бр.Nr.: 01-135
04. 03 2026 год.viti
КУМАНОВО-KUMANOVË

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА МУЗЕЈ КУМАНОВО

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА МУЗЕЈ КУМАНОВО

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

1. **Структура на остварени приходи и расходи заклучно со 31.12.2025 година Сметка 603 (буџетска)**

   Приходи за: плати - реализирани. 31.488.204 денари

   Во однос на средствата за реализација на програмата 80:

   Материјални трошоци – 464990 програма 80; -350.000 денари
   Електрична енергија 421110 програма 80; - 820.631 денари
   Комунални услуги 421190 програма 80;- 27989 денари
   Исплата на солидарна помош 464990 програма 80;- 303.610 денари
   Во пролог е Образец за извештај за материјални трошоци за работа на НУ Музеј Куманово.

За проектите од Годишната програма за работа на установата, кои се реализирани, до Министерството за култура се испратени посебни наративни и финансиски извештаи за секој проект посебно.

2. **Структура на остварени приходи и расходи заклучно со 31.12.2025 година Сметка 787 (самофинансирачки активности)**

   Вкупен приход: 383.503 денари
   Вкупен расход: 331.317 денари
   Пренесени средства во 2025 година: 52.186 денари
   Обврски кои се пренесуваат во 2025 година: нема

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА МУЗЕЈ КУМАНОВО ЗА 2025 ГОДИНА

Во текот на работењето, во тековната 2025 година Национална установа Музеј Куманово во целост ја исполнуваше својата примарна дејност, на тој начин што истовремено работеше на тековните активности кои произлегуваат од законските нормативи пропишани во Законот за култура, Законот за музеите и Законот за заштита на културното наслдство и во реализација на проекти со кои се зајакнува основната музејска дејност на институцијата. Во рамките на реализацијата на проектите, оваа година Музејот реализираше повеќе проекти кои претставуваа дел од Годишната програма од национален интерес во културата на Министерството за култура, но реализиравме исто така и вонпрограмски активност се со цел да ја промовираме културата и културното наследство.

Годишна програма на НУ Музеј Куманово започна со работа во април 2025 година согласно Договор за учество и финансирање на Годишната програма за работа на НУ Музеј Куманово за 2025 година со Министерство за култура во областа на музејска дејност и заштита на нематријално културно наследство (бр.31-2936/1 од 07.03.2025 година), Анекс на договор за за учество и финансирање на Годишната програма за работа на НУ Музеј Куманово за 2025 година со Министерство за култура во областа на музејска дејност и заштита на нематријално културно наследство (бр.31-2936/12 од 10.12.2025), Договор за учество и финансирање на Годишната програма за работа на НУ Музеј Куманово за 2025 година со Министерство за култура во областа на визуелни уметности, архитектура и дизајн (бр .23-1830/1од 25.02.2025 год. ), Договор за учество и финансирање на Годишната програма за работа на НУ Музеј Куманово за 2025 година со Министерство за култура во областа на меѓународна дејност (бр33-1454/1од 20.02.2025), Договор за учество и финансирање на Годишната програма за работа на Национална установа Музеј Куманово за 2025 година од областа на недвижно културно наследсто (бр. 32-1948/1од 25.02.2025 год.), Договор за учество во финансирање на Годишна програма за работа на Национала установа Музеј Куманово за 2025 година од областа на литертурана и издавачка дејност ( бр.243775/1 од 19.03.2025 година).

## МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ И ЗАШТИТА НА НЕМАТЕРИЈАЛНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Реализирани се проектите :

### 1.1 Три манастирски цркви во Кумановско, од Преродбенскиот период

**Раководител на проектот: Валентина Андреиќ – кустос советник историчар на уметност**.

Во месеците јануар и февруар – за проектот "Три манастирски цркви во Кумановско, од Преродбенскиот период", подржан од Министерството за култиура и туризам за 2025 година, снимање на визуелен запис со камера и монтажа во документарен филм, се изврши пишување на текст со податоци поврзани со темата.

Во месец април се работеше на пропратни припреми за проектот "Три манастирски цркви...", барање на музика и слично.

**Во месец јуни** – беа извршени завршни припреми за проектот "Три манастирски цркви во Кумановско, од Преродбенскиот период". Целта на проектот е документирање на трите манастири како дел од недвижното културно наследство во Кумановскиот регион. На **09.06.2025 година** се излезе на терен при што беше извршено систематско снимање со видео камера на архитектурните белези, фрескоживописот и иконописот на трите манастири со црквите и тоа: Св. Богородица, Манастир Забел во с.Никуљане, Св. Ѓорѓи – Бељаковски манастир, с. Бељаковце и Св.Ѓорѓи – Градишки манастир во с. Градиште. Снимањето и монтажата се реализирани во соработка со ТВ Плус од Куманово.

На **24.06.2024** година беше извршена монтажа на снимениот материјал во документарен филм, во траење од 15 минути и кој ги содржи следниве генералии:

- Проектот е подржан од Министерството за култура и туризам на РС Македонија;
- Главен и одговорен уредник – Марија Живачки, в.д. директор;
- Автор, сценарио и режија – Валентина Андреиќ, виш кустос, историчар на уметност;
- Стручен соработник – Валентина Илиевска, виш кустос етнолог;
- Сниматeл и монтажер – Александар Гелевски;
- Наратор – Драган Ивановски
- Користена музика – хорска изведба од архивата на Бигорски манастир;

- ( Музиката е побарана и добиено одобрение за користење од Епископот Антаниски, г.Партениј – Бигорски манастир. Користен е дел од Молебниот Канон на Св. Јован Крстител, каде пеат монасите од Бигорски манастир и дел од Малиот Молебен канон на Пресвета Богородица, каде пеат монахињите од Манастирот Св. Ѓорѓи Победоносец од Рајчица.);
- Превод од македонски на англиски јазик – Данијела Даиловска
- Производство – ТВ Плус Куманово, јуни, 2025 година

Договорот за реализација (снимање и монтажа) до 30.06. 2025 година, беше во целост испочитуван. Целиот материјал и документарниот филм е доставен до НУ Музеј Куманово, на УСБ стик.

-

- **Во месец октомври**, документарниот филм "Три манастирски цркви во Кумановско, од преродбенскиот период", учествуваше на 33 издание на Интернационалниот фестивал на аматерски документарен филм КАМЕРА 300 во Битола и во конкуренција од 28 филма, од страна на меѓународното жири на овој фестивал, ја доби главната награда ЗЛАТНА ПЛАКЕТА "КАМЕРА 300". Доделувањето на наградите беше на 31.11. 2025 во Центарот за култура на градот Битола. Фестивалот ги негува културните вредности на народите и нема комерцијален карактер.

-**На 01.12.2025 година**, документарниот филм "Три манастирски цркви од преродбенскиот период" имаше промоција во Занаетчискиот дом во Куманово во 19 часот. Автор на документарниот филм – Валентина Андреиќ,виш кустос историчар на уметноста, промотор Славица Крстиќ, советник документатор историчар на уметноста. Посетеноста беше задоволителна. Со тоа проектот беше во целост реализиран.

**1.2 Аудио водич за Постојана музејска поставка во НУ Музеј Куманово**

**Раководител на проектот: Мери Николиќ – кустос историчар на уметност**

На mp3 апарати со SD картички и слушалки ќе биде снимена целата постојана поставка од НУ Музеј Куманово (археологија, историја и етнологија) на два јазика (македонски и англиски). Истото претставува современо и многу погодно решение за мали групи на посетители или поединци. Тоа се мали апарати, слични на мобилен телефон, со чија помош се олеснува работата на водичот.

На MP3 апарати снимена и аудио тура низ Куманово со значајни културни споменици и градби.

### 1.3 Кумство во црква за време на празник

**Раководител на проектот: Надица Петковиќ кустос советник етнолог**

Теренските истражувања околу овој проект се одвиваа во месеците април и мај за време на поголемите христијански празници. Околу оваа тема минатата 2024 година во текот на моите тековни истражувања на 21 мај за време на големиот христијански празник Свети Јован Богослов во селото Стрезовце Кумановско, присуствував на целата литургија и сите обичаи кои беа поврзани околу кумствто на овој манастир.Тогаш со сопствена камера успеав да изготвам видео запис од интервјуа со повеќе информатори присатни на овој чин, меѓу кои клучната улога ја имаше видовитиот човек "дедо Борче" кој го има изградено овој манастир.Во текот на истражувањето беше употребен метод на набљудување, а со помош на веќе изготвени прашалници се стапи во непосреден вербален контакт и интервјуа со лица кои претходно беа избрени за соговорници.Сите битни сегменти, видувања и доживувања на моите информатори беа забележани со камера од страна на ТВ ПЛУС. Од снимениот материјал кој имаше повеќе од два часа во месец август во студиото на телевизија плус се изработи кратко документарен етнолошки филм во траење од 15 минути под наслов "Кумство, вера и духовна визија во срцето на народот". Филмот е со превод на англиски јазик и подготвен за промоција пред кумановската и пошироката јавност, која се планира во почетокот на 2026 година.

- Во месецот септември поточно од 17.09.2025 до 21.09.2025 година учествував како стручен соработник во теренското истражување околу проектот "Перниците во Кумановско." Беа посетени неколку села од Козјачијата и неколку од Которскиот регион, сѐ со цел за да се дознаат повеќе податоци околу ткаењето на перниците, нивната употреба, везбената декорација како и сличноста или разликата од едно до друго село.

### 1.4 Мапа за млади патници

**Раководител на проектот : Фросина Лазаревска кустос археолог**

Проектот го реализиравме во почетокот на декември 2025 година кога мапата за странци беше подготвена за штампање.

Со таа реаизација понудивме информации за странци кои доаѓаат во посета на Куманово. Особено за младите луѓе кои, преку разни проекти, размена на ученици и студенти, доаѓаат во градот и престојуваат одреден период. Мапата е на англиски јазик и Сметаме дека е добар потег што град како Куманово доби своја културна, информативна и забавна мапа.

Целта ни беше странците да ги запознаеме со градот, да ги претставиме нашите културно историски знаменитости, менталитетот, навиките на граѓаните, главните атракции и интересни места за посета но исто така, за време на престојот тие да ги имаат основните корисни информации. Воедно сакаме да ги воведеме во гастрономијата со нашите традиционални јадења и да ги посочиме местата каде што може да пробаат наши специјалитети но и јадења од другите интернационални кујни.

Мапите се изложени на постојаната музејска поставка во Н.У. Музеј Куманово и ќе се даваат бесплатно се додека не се направи електронска форма.

**1.5 Превентивна конзервација на керамика (1 фрагментиран питос и фрагментирана керамика) од локаилтет Градиште во с. Мл. Нагоричане**

Раководител на проект Дејан Божиновски – Виш конзерватор

Проектот се одвиваше според предвидениот план. Фрагментираната керамика беше измиена и извршена превентивна конзервација на истата.Со фрагментите од питосот по претходна подготовка ( миење и превентивна конзеравција) беше направен обид за реконструкција при што недостигаат повеќе делови меѓу долната зона(дното на питосот)и средишниот , а постоечките не се доволни за целосно затварање односно реконструкција.Следната фаза ќе опфати стугање и нивелирање на гипсираните делови.

1.6 Тековно опремување на конзерваторска лабораторија на НУ Музеј Куамново и конзервација на музејски материјал

Раководител на проект Дејан Божиновски – Виш конзерватор

За проектот ,, Тековно опремување на конзерваторска лабораторија на НУ Музеј Куманово и конзервација на музејски материјал '' беше набавен потребниот материјал: тонер во боја за печатач, хемикалии како и канцелариски материјал,потребни бои, тонери и лакови.

## 1.7 Теренска евиденција во функција на заштита на локалитетите во Куманово

**Раководител на проектот Мирослав Петковски -виш кусто археолог**

Недеструктивното археолошко истражување - рекогносцирање беше започнато на 10.09.2025 г., по претходно добиена дозвола од УЗКН, УП Бр.08-787 (од 05.09.2025 г., Скопје, за период 10.09-10.10.2025 г.). Целта на овогодинешново рекогносцирање беше посета на места, села и локации, кои гравитираат условно речено во централниот, делумно во западниот како и во југозападниот дел од Кумановската Област. Предвидени за посета и истражување беа катстарските општини Агино Село, Биљановце, Брзак, Доброшане, Лопате, Љубодраг, Ново Село, Романовце, Тромеѓа, Умин Дол, Черкези, Шупљи Камен, Куманово и Младо Нагоричане. Во рамките на гореспоменатите катастарски општини предвидени за истражување ни беа постоечки археолошки локалитети, запишани во Археолошкта карта на Република Македонија (Том II, 1996, Скопје; понатаму во текстот АК на РМ). Целта беше во рамки на можностите, постоечките локалитети да ги обележиме со координати, како и да направиме увид во фактичката состојбата во која се наоѓаат, дали постојат оштетувања или не, дали тие оштетувања се природни или вештачки направени. Покрај постоечките археолошки локалитети, следната цел ни беше и откривање на нови археолошки наоѓалишта. Покрај постоечките археолошки наоѓалишта предвидени беа и други места за посета и истражување, кои би можеле да дадат одреден резултат. За полесно снаоѓање на теренот, како и за подобра комуникација со месното население, онаму каде постоеше можност, ангажиравме и локални водичи.

## 1.8 Тековно одржување на Меморијалниот центар АСНОМ , село Пелинце и одбележување на празник 2 Август

Министерството за култура на Република Северна Македонија, според годишната програма за финансирање за 2025 год,. одобри финансиски средства, за реализација на проектот „ Тековно одржување на Меморијалниот центар АСНОМ во село Пелинце“како и пренамена на средства од проект ”Конзервација на музејски предмети од хартија” поради санација на кровна конструкција и одстранување на последици во внатрешниот дел од прокиснување на кров.

## 1.9 Уредување и тековно одржување на локалитет Кокино , село Кокино

Министерството за култура на Република Северна Македонија, според годишната програма за финансирање за 2025 год,. одобри финансиски средства за реализација на проектот „ Уредување и тековно одржување на локалитетот Кокино, село Кокино".

## 1.10 Истражување на свадбени обичаи на Македонците од Козјачкиот крај и Албанките од Албанија

Раководител на проектот Анита Стојчевски кустос советник етнолог

Во месец февруари завршен е проектот "Истражувањето на свадбените обичаи на Македонците од Козјачкиот крај и Албанките од Албанија" низ селата од Козјачкиот крај, Длабочица, Алгуња, Довезенце, Старо и Младо Нагоричане. Проектот е финансиран од Министерство за култура и туризам на Северна Македонија и Општина Куманово.При истражувањето снимен е доста голем дел од материјал од кој е изготвен, измонтиран долгометражан документарен етнолошки филм со наслов "ПОСЛЕДНА КАРТА" . Филмот говори за социјалниот живот, обичаите, традицијата на старите ергени од селата на Козјачкиот крај кои во потрага по лична среќа заминуваат за Албанија и се женат за жените Албанки доведувајќи да живеат во руралната средина во Македонија.Во филмот се испреплетуваат различни приказни од страна на старите ергени и жените Албанки, воедно прикажувајќи ги живописните краеви, борбата за опстанокот и нивната надеж за среќна иднина. Во проектот зедоа учество: сценарио и режија Анита Сточевски,камера и монтажата Кузман Клековски, светло оператор Марјан Маркоски и аудио оператор и композитор Владимир Аговски.Монтажата е завршена во април во Продукциска куќа МС во Скопје.

Документарниот долгометражен филм "ПОСЛЕДНА КАРТА" со траење од 1ч беше прикажан пред македонската јавност на 30 септември во Лапидариумот на Н У Музеј Куманово со почеток во 19ч и 30 мин. Промоцијата беше подржана од Министертво за култура и туризам на Северна Македонија и Општина Куманово.Заради големата заинтересираност,промоцијата беше посетена од многубројна публика. Производството на документарниот филм и неговата популаризација во културата станува се поголем предизвик и ќе остане во архивата како трајно сведоштво за обичаите и традицијата на населението од Козјачкиот крај на Куманово. Се повеќе е зголемен интересот за филмот, средство со кое е направена добра документација и со која се пренесуваат информациите и знаењето за другите.Сценаристот и режисерот ги задоволува барањата што ги поставува науката како информативност, целовитост на дејствијата, опширност,

сеопфатност, аналитичност, критичност, сопствено гледање на нештата. Воедно се трудат и сите овие барања да ги соопштат на естетски и поетски начин, ползувајќи ги предностите на сликата и звукот, односно музиката и предизвикувајќи емоции кај гледачот што претставува дополнителен квалитет. Во самиот простор беа донесени професионална опрема за промовирање на филмот, од филмски платна, прожектори,специјално осветлување, озвучување и ефекти .

## 1.11 АСМ С -14 анализа на органски материјал од Градиште , Мл Нагоричане

**Раководител на проектот : Дејан Ѓеорѓиевски - кустос советник археолог**

Во рамките на истражувањата на лок. Градиште во с. Младо Нагоричане, при истражување на подно ниво на сондите 33 и 34/23, кои се поставени една до друга во објект кој е од хеленистичкиот период, во слојот со опожарување се пронајдени органски остатоци од еленски рог (необработен) и јагленисано дрво. Со оглед на тоа што потекнуваат од последниот слој на живеење, односно од периодот кога е спален објектот, нивното датирање во голема мера помага во утврдување на поточната хронологија на уништувањето на населбата. Во консултација со стручни лица, одлучивме дека методот на Ц14 е најдобро применлив метод за анализа на староста на двата предмета. Истите се пратени во лабораторија во Унгарија (Исотоп Тех Лаб)

## 1.12 Виртуелна 3D изложба на предмети од Градиште , Младо Нагоричане

**Раководител на проектот : Дејан Ѓеорѓиевски - кустос советник археолог**

Следејќи го чекорот на современите дигитални технологии, НУ Музеј Куманово подготви идејно решение и реализација на 3Д изложба на преметите од хеленистичкиот локалитет Градиште во Младо Нагоричане, кои се изложени на постојаната поставка. Идејата е тие да бидат попристапни за широката публика, со што поголем број на луѓе ќе се запознаат со важноста и уникатноста на локалитетот.

Реализацијата се одвиваше во неколку фази. Првин се направи избор на премети кои ќе бидат дигитализирани. Потоа следеше нивно фотографирање – во просек, по 100 фотографии од еден предмет од сите страни. Потоа, следеше процес на фотограметрија (спојување) на тие фотографии во една фотографија, а потоа, преку посебни софтвери се изврши обработка на добиените 3д модели. На крај, следеше нивна оптимизација и поставување на сајт. Првично се поставени на 3d.kumanovomuseum.com, а потоа ќе бидат на посебен сајт. Предвидено е збирката постојано да се проширува, со нови предмети.

...а Македонија
...lisë së Veriut
...cional Nacional

## 1.13 Археолошки ископувања на локалитет Градиште , Младо Нагоричане

**Раководител на проектот : Дејан Ѓорѓиевски - кустос советник археолог**

Истражувањата на лок. Градиште – Младо Нагоричане се започнати на 16.04.2025, врз основ на добиена дозвола за археолошки истражувања УП бр. 08-201 од 20.03. 2025 г. Ископувањата се одвиваа во 2 квадрата – Б3 и Д5.

Квадрат Б3 – поставена е сонда, првично со димензии 7х6, за да, подоцна, поради теренската ситуација, се прошири на 9,6 х 6, односно на 57.6 м2. Поставена е со цел да се открие дворот на претпоставената резиденцијална градба – неовата југоисточна половина. Претпоставувавме дека ќе имаме слична ситуација како во 2014 г., односно крајниот ѕид на градбата и стилобатот, заедно со страничните агли, ќе се откријат во целост и ќе го знаеме точниот габарит. Со започнување на ископувањата, очигледна беше концентрацијата на наодите – камен и тегули, во северната половина на сондата. Во јужната страна, ситуацијата е сосема поинаква, поради тоа што карпата е многу повисоко, а и поради тоа што тоа е површина надвор од градбата. Се открија фрагменти од анта капител и распадната база од столб, што значи дека постоеле столбови и столпци. Особено добро беше сочуван северниот дел, каде што имаше кров паднат на под, со бројни керамички наоди под него.

Стилобатот на градбата е откриен целосно, во должина од 9,4м. тој завршува со проширување, веројатно да гради агол, односно да продолжи кон североисток. Но, тука тој е целосно прекинат, исто како што беше ситуацијата и со северозападната страна. Односно, во некоја фаза, стилобатот е целосно изваден. Сепак, со оглед што ја знаеме неговата должина (9,4 м), можеме да претпоставиме дека дворот имал квадратен облик, со ѕидови оддалечени 2,8 м од стилобатот, а со тоа и да ја реконстуираме неговата големина. Како што се очекуваше, неговата источна и северна страна се сосема уништени, поради тоа што се наожаат на самиот раб на ридот. Веројатно од секоја страна имало по 4 столпци , на кои на врвот имало анта капители. Не знаеме дали столпците имале бази, иако е доста веројатно.

Помеѓу стилобатот и ѕидот подот бил нивелиран од ситен речен камен, а таков бил и во отворениот двор. Но, покрај внатрешната страна на стилобатот, кон ѕидот на градбата, откривме мазнета, горена површина, која наликува на печка. Но, веројатно е остаток од изгорен под, па оттука знаеме дека во тој дел, подните каменчиња биле премачкани со набиена земја, измазнета. Малтерот беше присутен низ целата сонда, и знаеме дека ѕидот на градбата бил премачкан со црвен малтер, окер, и бел со штуко изведби. Она што изненадува е тоа што права линија од малтер најдовме поставена и покрај стилобатот, а гледа кон ѕидот. Можеби имало некоја помала просторија на таа површина – остава и слично, затоа што паднатите тегули и ѕидни платна ги најдовме точно зад таа малтерна линија, во дворот (паднале кон исток). Под тегулите има голем број на керамика која треба да се измие, како и една тракиска фибула. На еден од садовите има врежан грчки натпис кој може да се преведе како „пенис“ во вулгарен жаргон, што е честа појава

на садови со вино и предмети поврзани со култот на плодноста кон Дионис или Деметра и Персефона.

Самиот ѕид на градбата – југозападната фасада е скоро целосно уништен и не може да се следи. Само два разнишани камења на почеток, и два камења во правец на откриениот ѕид во 2014 год сугерираат за правецот на ѕидот. Поради тоа, одлучивме да направиме пресек во правец на претпоставеното протегање на ѕидот.

Тука најдовме остаток од постар ѕид, широк 1.2 м. Според опусот, личи на железнодопски,но, се чини дека има и сполии од убаво обработени блокови, кои се од раната антика. Во секој случај, оние кои го граделе дворот на палатата, го гледале и овој ѕид, го искористиле за поставување на новиот ѕид, како и за каскадно обликување на теренот. Тегулите јужно од него, заедно со материјалот, за сега не сугерираат постара фаза, односно веројатно се резултат на постоење на каскади и скали за влез во дворот.

Квадрат Б5 – поставена е сонда со цел да го следи протегањето на каналот. Веднаш по започнување на ископувањето, се јавуваат фрагменти од тегули, лепеж и мала количина малтер. Големо камено корито со изливник е откриено на околу 40 см од површина, веднаш до источниот профил, тој не ја прима водата директно од каналот, веројатно служел да ја пренасочи вишокот на вода при појак тек. Тука, каналот прави свртување од 90 степени, и води кон соседната работена сонда 20. Го проширивме неработениот простор од 2м помеѓу нив, и откривме дека каналот е изваден токму тука. Се протегал дијагонално низ сондата 20, кон југозападниот агол.

Интересно е што и овде, иако е карпеста површината и се работи за дел кој најверојатно е надвор од палатата, се јавува натапкана земја за под, и остатоци од кровни тегули. Фрагменти од анта капител и капител со волути (малку повисоки од познатите јонски!), освен ако не се сполии, зборуваат за активна употреба и на овој дел од просторот. Иако сондата не ги даде очекуваните резултати, односно не го најдовме првичниот завршеток на каналот, сепак добивме јасни назнаки за неговото протегање, преку острото свртување кон југозапад. Но, прашање е дали некогаш ќе биде откриен претпоставениот резервоар, пред се поради тоа што јужната страна на локалитетот е многу уништена.

## 1.14 1.4 Археолошки ископувања на локалитет Градиште , во Бислимска Клисура , с. Пчиња

**Раководител на проектот : Дејан Ѓорѓиевски - кустос советник археолог**

За ископувањата е добиена дозвола УП Бр. 08–1016 од 27.10.2025, а со ископувањата е започнато од 12.11.2025. По расчистување на теренот од грмушки и дрвја, како и дислоцирање на исфрлениот камен, започнавме со поставување на

две сонди кои требаше да ни го прецизираат крајот на црквата, постоењето на нартекс и евентуални анекси во западниот дел.

Сонда 5

Сонда 5 се надоврзува директно на истражениот простор од западниот дел од наосот, со димензии 3,5 × 2,5 м. Поставена е на простор на кој нема јами или уништен хоризонт, со цел да не се изгуби време во расчистување на ситуацијата. При ископувањето целосно е откриен северниот ѕид од црквата кој минува точно пред северниот профил. Во централниот дел од сондата беше констатиран расфрлан градежен шут — рушевински слој. По неговото отстранување се дојде до подното ниво. Таму се зачувани мал број подни тули поставени врз набиена зеленикава глина. На одредени места се забележува дека подот бил премачкан со малтер.

Откриен е стилобат со отпечаток од лежиште на столб. Врз стилобатот беше паднат украсен фрагментиран камен со геометриски и вегетабилни мотиви, како и со крак од крст. Поради благата закривеност се претпоставува дека станува збор за фрагмент од оградата на амвон.

Сонда 6

Сонда 6 е поставена неколку метри западно од откриениот дел на јужниот брод и има димензии 4 × 7,5 м. На овој простор беа евидентирани јами настанати од вадење камен, кои не беше можно да се избегнат.

Со ископувањето е откриен јужниот ѕид на црквата, како и западниот ѕид, односно крајот на објектот. Ѕид со правец југ–север најверојатно го одделувал нартексот од наосот.

Откриен е влезот во црквата од јужната страна, преку кој се влегувало во нартексот. Не е утврдено дали ова бил единствениот влез. Прагот не е зачуван, но е сочувана нивелацијата од камења.

Претпоставките за постоење на анекс се потврдија — регистрирани се два ѕида од надворешната страна кои не се целосно откриени, но јасно укажуваат на просторија или трем прилепен кон влезниот дел на црквата. Анексот од север и запад имал клупи за седење.

Клупи за седење се откриени и во наосот, во неговиот западен дел, каде што се протегаат до преградниот ѕид со нартексот. Поголемо количество подни тули in situ беше пронајдено непосредно до оваа клупа.

Подот на нартексот е целосно уништен, но неговиот западен ѕид е добро сочуван, со висина од речиси 2 м. Во југозападниот агол на нартексот се констатирани траги од горење и повеќе фрагменти од неквалитетен глинен сад за готвење со груба фактура, веројатно од период кога црквата веќе не била во функција.

Заклучок

Двете сонди дадоа извонредни резултати. Преку нив беше утврден крајот на црквата, влезот, постоењето на анекс и траги од амвон. Овие сознанија ќе бидат основа за насочување на истражувањата во следната година

## 1.15 Одржување на нумизматичка збирка во Музејот

**Раководител на проектот Александра Апостолова – кустос советник нумизматичар**

Одржување на нумизматичката збирка на музејот“ е изработен основен софтвер за обработка на музејските монети. Софтверот претставува база на податоци со едноставен интерфејс, кој ги содржи сите специфични полиња неопходни за работа со нумизматички предмети, со целосна поддршка на македонски јазик.Апликацијата овозможува внесување, уредување и бришење на податоци за монети, додека пребарувањето по инвентарен број и тип на предмет е достапно за сите музејски ртефакти. Ова овозможува побрз пристап до информации и нивно поврзување во историски и научен контекст.Софтверот е лесен за користење и претставува стабилна основа за понатамошно надградување, како што е интеграција на фотографии или 3D модели, што се очекува да продолжи и во наредната година, во зависност од одобрените средства од Министерството.

## 1.16 Ткаеници перници , мирен сон

**Раководител на проектот Валентина Илиевска кустос советник етнолог**

Во **месец септември** – Од 17.09.2025 – 21.09.2025 година, извршени се теренски истражувања во Козјачкиот крај, во селата Довезенце, Пелинце, Челопек, Бајловце, Клечовце, Стрезовце и од Которскиот крај во селата Кокошиње, Градиште и Живиње. Овие истражувања беа спроведени заради збогатување и проширување на знаењето околу значајноста на ткаените перници од почетокот на 20 век, заради реализирање на изложбата ,,Ткаени перници, мирен сон“. Потребно беше суштински да бидат добиени што е можно повеќе податоци, информации од повозрасната популација од селата и да се опише и објасни значајноста на перниците. Податоците беа добиени преку интервјуирање на месното население со користење на добро осмислени прашалници и добро одбрани испитаници. Собраните податоци од терен, внимателно се обработени, за да се олесни нивната интерпретациа и да се претстават наративно и со фотографии во каталог. Статијата за перниците базирана врз основа на ова истражување, е испечатена во каталог со 24 страни со димензии 21 x 21см, каде детално се зборува за ткаените перници како дел од материјалната култура. Во самата статија се потенцира употребата на перниците од времето кога се спиело на под од набиена земја, на рогозина, се до појавата на дрвените кревети (трох), во 40 – те години на 20 век и појавата на железните кревети со пружина и душек во 50-те години на 20 век. Детално се објаснува материјалот за изработка на перниците (волна, памук, коноп), техниката на ткаењето на разбој: лито, четворно, како се соединува ткаеницата (лице, опачина), изведување на рачно порабување со украсен раб, отвор за полнење со

слама и слично. Објаснета е примената на мотивите за прошарување и декоративност, како и нивната симболика, обичаите од народната традиција кои се практикувани, изведувани и поврзани со различни верувања. Потенцирано е значењето на перниците од перспектива на сегашноста како предмети кои се нашле на растојание од исконот до бесконечноста. Од 15.10.2025 – 01.11.2025 во етнолошкото одделение на поставката од НУ Музеј – Куманово, амбиентално беа изложени 40 (четириест) перницаи од 20 век, вклопени со предметите од покуќнината (трон, разбој, ковчези), издвоени од депото од реалноста за да бидат документ на музејската вредност и носители на визуелни информации. Изложбата беше од отворен карактер за сите граѓани од градот Куманово, а беше остварена и соработка со основните и средните училишта. Чест и задоволство ни приредија со своето присуство учениците од Гимназијата ,,Гоце Делчев", Економското училиште ,,Перо Наков", основните училишта ,,Браќа Миладиновци", ,,Крсте Мисирков" и ,,11 Октомври", каде што имаше детално излагање за значењето на ткаените перници, интеракција со учениците прашања и одговори на оваа тема, како и важноста за зачувувањето и негувањето на традиционалните вредности како културни белези. Имаше и посетеност од граѓанството каде се пројави голем восхит и заинтересираност. По завршувањето на изложбата, експонатите беа уредно вратени во своите збирки по инвентарни броеви во депото на музејот.

## 1.17 Едукативни работилници за деца "Сподели богатство"

**Раководители на проектот : Габриела Митевска , виш документатор и Неда Митковска кустос советник историчар на уметност**

- Проект **Сподели богатство** со посета на Музеико-музеј за деца во Софија, Република Бугарија (17- 18.06.2025 г.)со цел размена на идеи и искуства од областа на образование на деца и млади

Во септември во рамки на манифестацијата ,,Европски денови на културното наследство"беше организирана аудио тура низ Куманово ,,Чекори и приказни" со ученици од ООУ Толи Зордумис од Куманово и СОУ Наце Буѓони од Куманово. Беше изработен и промотивен флаер ,,Чекори и приказни".

Во ноември во склоп на Ноемвриски денови се оддржа ликовна работилница ,,Млади ликовни уметници" со изучување и употреба на асамблаж техника.

## 1.18 Надградба и одржување на дигитален систем на музејска документација

**Раководител на проектот : Габриела Митевска , виш документатор**

Проектот служи за секвенцијално додавање на нови модули за непречено проширување на системот. Програмот содржи апликативен лог и тоа за секој генериран запис и податоци кои се генерираат., а форматот на записот на логовите е стандарден и лесно читлив за да може да се направи потребна анализа.
Вкупен износ на проектот е 30.900 денари, финансиран од Министерство за култура и туризам.

## 1.19 За занаети со малдите

**Раководител на проект : Мартин Наковски , виш кустос етнолог**

Проектот „За занаетите со младите", финансиран од страна на Министерството за култура и туризам за 2025 година – реализиран **од мај до декември 2025 година.**

Кабинетско и теренско истражување и подготовка за потребите на проектот „За занаетите со младите", се одвиваа во период **од мај – јуни 2025 година**.
Во тек на месеците мај и јуни во неколку наврати посетени се Занаетчиската комора на Куманово и неколку локални занаетчии со кои е договорено текот и начинот за реализација на проектот. За проектот е подготовен и изработен едукативен материјал и флаери, потребни за предавањата и презентациите кои се одвиваа во Музејот и работилниците на занаетчиите од месец септември до декември 2025 година.

Предавањата и презентациите за старите занаети на ученици од основните училишта од нашиот град (ООУ Вук Караџиќ, ОУ 11 Октомври, ООУ Крсте Мисирков, ООУ Браќа Миладиновци, ООУ Кочо Рацин, ООУ Вера Которка и др.) се реализирани во период **од месец септември до декември 2025 година.**
Посебен акцент во проектот беше ставен на посета на ученици на локални занаетчии (сарач, колар, грнчар, бербер, ковач, калајџија, ќурчија, златар, лимар, кондураџија) и нивни презентации на работата во занаетчиските дуќани. Со овие посети и демонстрации на мајсторите, во кои активно учество земаа и учениците, младите имаа можност одблиску да се запознаат со начинот на работа, техниките, алатите и процесите на изработка на производите што ги изработуваат мајсторите. Преку непосредна комуникација со мајсторите, учениците дознаа повеќе за еснафите, за начините на кој се станува мајстор, за калфите и чираците, за значењето на занаетот и неговата улога во секојдневниот

живот во минатото, како и за предизвиците и проблемите со кои се соочуваат денес.

## 1.20 Конзервација на музејски предмети од хартија

Проектот е пренамет во „Тековно одржување на Меморијалниот центар АСНОМ , село Пелинце и одбележување на празник 2 Август“ поради санација на кров во Меморијалем музеј на АСНОМ во село Пелинце.

## ВИЗУЕЛНИТЕ УМЕТНОСТИ, АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈНОТ

**Реализирани се проектите :**

### 1.1 Самостојна изложба на Марина Цветановска Мартиновска

Раководител на проектот Драгана Спасковска , кустос советник историчар на уметност

На 28 ноември 2025, во Салонот на уметничката галерија се отвори Самостојна изложба на Марина Цветановска Мартиновска, под наслов „(ДЕ)КОДИРАН БИТ“, која е дел од програмските активности на НУ Музеј-Куманово. На изложбата беше прикажана поголема продукција, со која авторката го одбележа нејзиното 25 годишно творештво. Изложбата за јавноста беше поставена до 15 јануари 2026 година.

### 1.2 Самотојна изложба на Мирослав Величковски

Раководител на проектот Драгана Спасковска , кустос советник историчар на уметност

Изложбата под наслов „Амброзија и нектар“, се отвори на 27 март 2025 година во Салонот на Уметничката галерија, како дел од програмските активности на НУ Музеј-Куманово. Беа прикажани ликовни дела, слики изработени во техника на

акрил и комбинирани техники на платно. Изложбата беше отворена до средината на месец мај.

### 1.3 Изложба на дела од ликовната колонија Куманово 2024

**Раководител на проектот Драгана Спасковска , кустос советник историчар на уметност**

Изложбата на дела од ликовната колонија Куманово 2024, се отвори на 30 септември 2025 година во лапидариумот на НУ Музеј-Куманово, како дел од Европски денови на културно наследство. На изложбата беше претставена целокупната продукција од минатагодишната ликовна сесија одржана во комплексот Етно село Тимчевски. На колонијата учествуваа автори од Македонија, но и од ***Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и Романија*** : ***Ангел Коруновски, Валентина Илијевска, Милош Шариќ, Марин Милутиновиќ, Никола Марковиќ, Здравко Милиќ, Јосипа Чамбер, Цветка Хојник, Звонко Павличиќ и Костин Братиану***.

Беа прикажани слики изработени во различни техники: масло, акрил на платно и комбинирани. Изложбата потоа беше пренесена во Салонот на Уметничката галерија и за јавноста беше достапна до 20 октомври 2025 година.

### 1.4 Ликовна Колонија “Куманово 2025“

**Раководител на проектот Драгана Спасковска , кустос советник историчар на уметност**

Ликовната колонија има меѓународен карактер и оваа година се реализираше во комплексот Етно село Тимчевски, во период од 06 – 11 август 2025 годна, подджана како од Министерството за култура и туризам, така и од Општина Куманово. За оваа цел беа набавени материјали за работа: платна, бои и др.потрошен материјал и изготвени промотивни материјали: банерр и др. Учество зедоа единаесет академски ликовни автори како од Македонија, така и од регионот: ***од Македонија учествуваа: Далибор Крстевски, Вангел Крстиновски, Филип Јовески, Вангел Коџоман; од Бугарија Дарина Дочева и Тома Тодоров; од Србија: Ксенија Бариќ, Весна Петровиќ, Светозар Тасиќ и од Романија : Александра Бациу и Костин Бритеану.*** Уметниците работеа слики, во повеќе ликовни техники, масло, акрил и комбинирана. Во тек на седумдневниот престој уметниците ги посетија културно-историските споменици во околината на Куманово и рекреативниот центар Матка. На последниот ден од колонијата, 10 август, беше организирана изложба на создадената продукција и беа поделени благодарници на

уметниците учесници. Делата ќе ја збогатат Збирката на ликовни дела од колонијата, чиј што број е повеќе од 700 ликовни дела слики и скулптури.

1.5 "**Кумановски ликовни уметници 2025**"

**Раководител на проектот Драгана Спасковска , кустос советник историчар на уметност**

Голема групна изложба, која е дел од програмските активности на НУ Музеј-Куманово, поддржана и од Советот и градоначалникот на Општина Куманово, која секоја година традиционално се организира по повод 11 ноември, Ден на ослободување на град Куманово. На изложбата беа претставени дела од 23 академски ликовни автори кои одговорија на повикот за учество, со по едно ликовно дело на слободна тематика: ***Александар Симоновиќ, Ана Јовановска, Ања Стојадиновска, Александар Симоновиќ, Акиме Насуфи Реџепи, Александар Стефановски, Валентина Илијевска, Вања Кашавелска, Гоце Божурски, Далибор Крстевски, Дарко Трајковски, Дејан Божиновски, Дејвид Стоилковски, Игор Андреиќ, Кристина Божурска, Марија Величковска, Марина Цветановска Мартиновска, Мирослава Цветковиќ, Мухамедали Алили Дали, Мухамет Идризи, Синиша Кашавелски, Стефан Анчевски, Трајан Трајковски и Наташа Серафимовска.*** На изложбата можеа да се видат слики во повеќе ликовни техники (масло, акрил и комбинирана техника на платно), видео арт презентација и инсталација.

## НЕДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

**1.1 Дигитализација на археолошки содржини на локалитет Градиште , Бислимска клисура , со LIDAR**

**Раководител на проектот : Дејан Ѓеорѓиевски - кустос советник археолог**

Проектот претставува фотографирање на локалитетот Градиште со дрон со ЛИДАР камера, кое има за цел преку обработката на добиените податоци да се стигне до ДТМ (Digital terrain model) без вегетација, со што ќе добиеме контури на објекти, а

со тоа и „мапа“ на населбата во утврдувањето. Со оглед на тоа што претходно имаме вршено и ГПР снимања, ова во голема мера ќе ги насочи идните ископувања и ќе ја зголеми нивната ефективност при изборот на позиции за копање.

Снимањето е вршено два дена, при што е добиен материјал од 1.2 ГБ со 500+ pts/m2, снимен на екстерен SSD, кој е предаден на обработка. Обработката е правена со ЛИДАР360 софтвер, и обработениот материјал ни е даден на увид. Со оглед на тоа што музејот не располага со соодветна компјутерска конфигурација за преглед на вакви големи датотеки, прегледот го извршивме директно на местото на обработка. При тоа увидовме дека од сите три страни има извонредни резултати, односно се јавуваат очигледни структури, додека на северната страна резулатот по не е видлив, веројатно поради силината на ветерот на деновите на снимање. Во прилог првични интерпретации на снимката, која дополнително ќе се филтрира на ниво на земја.

## МЕЃУНАРОДНА ДЕЈНОСТ

1.1 Креирање на дата база на податоциза византиско оружје од Македонија , Епир и Тесалија во Никополис , Грција

Раководител на проектот : Дејан Ѓеорѓиевски - кустос советник археолог

Проектот претставува заедничка иницијатива за воспоставување на дата база од податоците за средновековно оружје во византиските провинциски центри. Во оваа фаза, фокусот беше на регионот Епир во Грција, каде што се посетени 13 средновековни споменици. За секој од нив е направена фото документација, со фотографии од фреските кои таму се прикажани и со претставите на кои има средновековно оружје. Предвидено е кон оваа дата база да ги додадеме и преимерите од Македонија и Србија, и на тој начин да се комплетира. Целокупната фотодокументација е испратена до министерството за култура, како и до Институт за историја на уметност и МАНУ, и може да се користи за истражувачки потреби.

1.2 Организирање на археолошка летна школа во Италија

Раководител на проектот : Дејан Ѓеорѓиевски - кустос советник археолог

Проектот не е релизиран поради откажување , а финансискисредства се вратени на Министерство за култура и туризам на Република Македонија.

# ЛИТЕРАТУРА И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

1.1 Музејски гласник бр 16

Раководител на проектот Мери Николоќ кустос историчар на уметност

Во текот на календарската година беа успешно спроведени сите активности предвидени со проектната програма. Вкупно **10 стручни текстови** од различни области – археологија, историја, историја на уметност, етнологија и ликовна дејност – беа рецензирани од страна на **четворица рецензенти**, ангажирани со цел обезбедување високо научно-стручно ниво на содржините.

Покрај рецензиите, извршена беше и **лекторска обработка на сите текстови**, со што се обезбеди јазична и стилска уредност на материјалот. Резимеата на трудовите беа **преведени на англиски јазик**, со што се овозможува поширока достапност и меѓународна видливост на изданието.

Со успешно реализираните активности, „Музејски гласник бр. 16“ претставува уште едно значајно издание кое ја документира, валоризира и презентира годишната научно-истражувачка работа на музејот. Финализацијата на печатењето ќе овозможи негово официјално промовирање и достапност до стручната јавност и пошироката публика.

Изготвил:

Дата:

04.03.2026

Марија Живачки

в.д. Директор

Куманово, 2026